Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

## НЕМА поспецифични ПОДАТОЦИ ЗА начинот на ТРОШЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА СЀ ДОДЕКА НЕ СЕ ПРОМЕНИ ТОЧКА 23 ДЕЛ IV ОД УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**
**има најуспешни решенија како**
**ДА НЕ ОБЕЗБЕДИ ПОДАТОЦИ**



**Од сите буџетски корисници на национално ниво,**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**
**Е НАЈНЕТРАНСПАРЕНТНА ИНСТИТУЦИЈА**

1. **Најнетранспарентни институции за 2015 година се: Министерството за здравство; Здравствените домови** Гостивар, Делчево, Кавадарци, Охрид и Радовиш; **Општите болници** Струга, Прилеп, 8-ми септември и Охрид; **Центрите за јавно здравје** Велес, Кочани, Куманово, Прилеп и Штип **и Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство.**

2. **Најтранспарентни институции за 2015 година се: Институтот за јавно здравје на РМ, Институтот за микробиологија, Клиничките болници** во Битола, Тетово и Штип, **Општите болници** Велес, Струмица, Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани и Куманово, **Специјалната болница за гинекологија и акушерство, Центрите за јавно здравје** Скопје, Струмица и Тетово, **Здравствените домови** Берово, Битола, Вевчани, Виница, Гевгелија, Железничар, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Пробиштип, Ресен, с. Ростуше, Свети Николе, Струга и Штип, **Агенцијата за странски инвестиции, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања.**

3. **Министерството за финансии, Општата болница Гостивар, Центрите за јавно здравје Битола и Охрид и Здравствените домови** Велес, Демир Хисар, Дебар, Кичево, Кратово, Прилеп, Скопје, Струмица и Тетово **имаат статус на делумно транспарентни институции.**

4. **22 % од поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер не биле одговорени во редовна постапка, односно институциите молчеле. Најголемиот дел од овие недоговорени барања (17 %) отпаѓаат на Министерството за здравство на РМ.**

5. **Министерството за финансии во однос на сите примени барања донесе решение за прекинување/одбивање на започнатата постапката за пристап до информации од јавен карактер со образложение дека бараните информации се податоци со соодветен степен на тајност или пак не се во нивна надлежност.**

6. **Министерството за здравство, ГОБ 8-ми септември и Универзитетската клиника за гинеколо-гија и акушерство, Прилеп се институции што најмногу доцнат во доставувањето на одговор на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер, што во просек изнесува шест (6) месеци.**

## ПРОМЕНИ ВО НИВОТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ 2013 – 2015 ГОДИНА

- **Во 2015 година бројот на барања на кои институциите не обезбедиле никаков одговор, односно молчеле, во редовна постапка останува ист како и во 2013 година.**
- **Уназадување во нивото на транспарентност во 2015 година се бележи кај: Градската општа болница 8-ми септември и Општите болници во Прилеп и Струга, кои за само две години од целосно транспарентни влегуваат во категоријата на нетранспарентни институции.**
- **Министерството за здравство, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и Центарот за јавно здравје во Кочани, во 2015 година, од делумно транспарентни институции стануваат нетранспарентни институции.**
- **Напредок во нивото на транспарентност се бележи кај Општата болница во Велес, Центрите за јавно здравје во Тетово и Институтот за јавно здравје на РМ.**

Со цел да го претставиме нивото на транспарентност и отчетност на институциите од јавниот и од здравствениот сектор за 2015 година, спроведовме анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер кои Здружението ЕСЕ ги спроведе во текот на 2015 година.

Во текот на 2015 година со постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер беа опфатени вкупно 67 институции и тоа: **Министерството за финансии** на РМ; **Институтот за јавно здравје на** РМ; **Министерството за здравство** на РМ; **центрите за јавно здравје на РМ (вкупно 10); Институт за микробиологија; Агенцијата за странски инвестиции; Министерството за правда** на РМ; **Секретаријатот за европски прашања; Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер; здравствени домови во РМ (вкупно 31); 15 општи и клинички болници; Градска болница (1), Универзитетска клиника (1); и специјална болница (1).**

Во текот на водењето на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер беа доставени вкупно 922 барања преку кои беа барани податоци и документи за програмското и буџетското работење на Министерството за финансии, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и други институции од здравствениот сектор. Дополнително, беа поднесени и барања за начинот на трошење на средствата што ги добило Министерството за здравство во облик на грант преку програмата ОРИО на Кралството Холандија и барања за оценување на степенот на спроведување на мерките предвидени со Акцискиот план за Отворено владино партнерство.

Наодите презентирани во овој документ се утврдени преку анализа на секоја водена постапка за пристап до информации од јавен карактер за секоја институција поодделно.

Анализата на постапките е направена по пат на оценка на транспарентноста на секоја институција од аспект на пет параметри и тоа:

- *број на добиени одговори во редовна постапка;*
- *број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;*
- *број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;*
- *број на барања по кои имателите молчеле;*
- *просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка.*

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите. Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, каде: 0 - нетранспарентен / црвено; 1 - делумно транспарентен / жолто и 2 - транспарентен / зелено.

Конечната оценка за секоја институција претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на параметрите наведени во претходниот пасус.




Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

# РАНГ-ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ И ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ОД АСПЕКТ НА НИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНОСТ

| НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Градска општа болница 8-ми септември | ★ |
| Здравствен дом Гостивар | ★ |
| Здравствен дом Делчево | ★ |
| Здравствен дом Кавадарци | ★ |
| Здравствен дом Охрид | ★ |
| Здравствен дом Радовиш | ★ |
| Министерство за здравство | ★ |
| Општа болница Охрид | ★ |
| Општа болница Прилеп | ★ |
| Општа болница Струга | ★ |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ |
| Центар за јавно здравје Велес | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ |
| Центар за јавно здравје Куманово | ★ |
| Центар за јавно здравје Прилеп | ★ |
| Центар за јавно здравје Штип | ★ |

| ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Здравствен дом Велес | ★ |
| Здравствен дом Демир Хисар | ★ |
| Здравствен дом Дебар | ★ |
| Здравствен дом Кичево | ★ |
| Здравствен дом Кратово | ★ |
| Здравствен дом Прилеп | ★ |
| Здравствен дом Скопје | ★ |
| Здравствен дом Струмица | ★ |
| Здравствен дом Тетово | ★ |
| Министерство за финансии | ★ |
| Општа болница Гостивар | ★ |
| Центар за јавно здравје Битола | ★ |
| Центар за јавно здравје Охрид | ★ |

| ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Здравствен дом Берово | ★ |
| Здравствен дом Битола | ★ |
| Здравствен дом Вевчани | ★ |
| Здравствен дом Виница | ★ |
| Здравствен дом Гевгелија | ★ |
| Здравствен дом Железничар | ★ |
| Здравствен дом Кочани | ★ |
| Здравствен дом Крива Паланка | ★ |
| Здравствен дом Крушево | ★ |
| Здравствен дом Куманово | ★ |
| Здравствен дом Македонски Брод | ★ |
| Здравствен дом Пробиштип | ★ |
| Здравствен дом Ресен | ★ |
| Здравствен дом с. Ростуше | ★ |
| Здравствен дом Свети Николе | ★ |
| Здравствен дом Струга | ★ |
| Здравствен дом Штип | ★ |
| Институт за јавно здравје | ★ |
| Институт за микробиологија | ★ |
| Клиничка болница Битола | ★ |
| Клиничка болница Тетово | ★ |
| Клиничка болница Штип | ★ |
| Општа болница Велес | ★ |
| Општа болница Струмица | ★ |
| Општа болница Гевгелија | ★ |
| Општа болница Дебар | ★ |
| Општа болница Кавадарци | ★ |
| Општа болница Кичево | ★ |
| Општа болница Кочани | ★ |
| Општа болница Куманово | ★ |
| Специјална болница за Гинекологија и акушерство Чаир | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ |
| Центар за јавно здравје Струмица | ★ |
| Центар за јавно здравје Тетово | ★ |
| Агенција за странски инвестиции | ★ |
| Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ |
| Министерство за правда | ★ |
| Секретаријат за европски прашања | ★ |

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈА | Број на барања на кои е добиен одговор по редовна постапка | Број на барања на кои е добиен некомплетен одговор | Број на одбиени барања/ запрени постапки | Број на барања на кои институциите молчеле | Просечен број на денови на добивање на одговорот, сметано од денот на неговото поднесување |
|---|---|---|---|---|---|
| Градска општа болница 8-ми септември | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Берово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Битола | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Вевчани | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Велес | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| Здравствен дом Виница | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Гевгелија | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Гостивар | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Демир Хисар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red |
| Здравствен дом Дебар | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Делчево | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Железничар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Кавадарци | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Кичево | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| Здравствен дом Кочани | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Кратово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red | ★ green |
| Здравствен дом Крива Паланка | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Крушево | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Куманово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Македонски Брод | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Охрид | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Прилеп | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Здравствен дом Пробиштип | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Радовиш | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Ресен | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом с. Ростуше | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Свети Николе | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Скопје | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Здравствен дом Струга | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Здравствен дом Струмица | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Здравствен дом Тетово | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Здравствен дом Штип | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Институт за јавно здравје | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Институт за микробиологија | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Клиничка болница Битола | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Клиничка болница Тетово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Клиничка болница Штип | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Министерство за здравство | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Министерство за финансии | ★ green | ★ green | ★ red | ★ green | ★ green |
| Општа болница Велес | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Струмица | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Гевгелија | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Гостивар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Општа болница Дебар | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Кавадарци | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Кичево | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Кочани | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Куманово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Општа болница Охрид | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Општа болница Прилеп | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Општа болница Струга | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Специјална болница за Гинекологија и акушерство Чаир | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Центар за јавно здравје Битола | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Центар за јавно здравје Велес | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Центар за јавно здравје Куманово | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Центар за јавно здравје Охрид | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ yellow |
| Центар за јавно здравје Прилеп | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Струмица | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Тетово | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Центар за јавно здравје Штип | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red |
| Агенција за странски инвестиции | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Министерство за правда | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |
| Секретаријат за европски прашања | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green |

Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА